# Начин на поднесување на барање за пристап до информации (начин на поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено по електронски пат)

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер овозможува пристап до информации од јавен карактер што ги создало или со кои располага ЈУ Центар за образование на возрасните-Скопје.

Барателот пристапот до информацијата може да го бара усно, писмено или во електронски запис, при што барањето поднесено во електронска форма се смета за писмено поднесено барање.

Писменото Барање може да се поднесе до нашата институција непосредно во архивата, преку пошта на адреса ул.Димитрие Чуповски бр.13 Скопје, како и да се поднесе во електронска форма преку e-mail: contact@cov.gov.mk.

Барањето за пристап до информација од јавен карактер може да се поднесе на утврдениот образец на Барање (даден подолу) или на обичен лист хартија, но на истото барателот е должен да наведе дека станув збор за Барање по основ на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Барателот не е должен да го образложи барањето.

Во случај кога барањето е поднесено од страна на овластен полномошник, кон барањето треба да биде приложено уредно полномошно.

Кога барателот бара пристап до информација со усно барање, службеното лице составува записник за тоа.

Подносителот на барањето може да се информира за сите прашања од интерес поврзани со овластување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, кај службеното лице: Константин Христовски, контакт телефон: 076 456 684 и e-mail: konstantin.hristovski@cov.gov.mk